РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-1092/17
14. 12. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Извештај**
**за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Велес**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1092/1 од 16.02.2021 година, на ден 11.03.2021 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Велес.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Велес од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставници на општината Велес присутни при вршењето на надзорот беа Билјана Шуркова - Манаскова и Даниела Петковска.

*Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за одобрување на **елаборати** за животната средина комисијата утврди дека:* во општина Велес се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина истите се одобруваат согласно постапката и за нив се води евиденција согласно пропишаниот регистар.

*По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за издавање на **Б интегрирани еколошки дозволи** од страна на комисијата е утврдено дека* согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина општината ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи.

При увидот се констатираше дека лицето задолжено за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи нема овластување за издавање на дозволите, но по препорака на комисијата од страна на општината се изготви такво овластување и истото ни беше дополнително доставено на увид.

*По однос на обврските согласно* ***Законот за животна средина :***

-Општината Нема донесено нов ЛЕАП (последниот е донесен во јуни 1998 година).

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.

-Општината нема донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година, и не доставува годишни извештаи за реализирани инспекциски надзори

-Нема овластен инспектор за животна средина уште од 2019година, поради заминување на претходно овластениот инспектор на друга позиција.

-Нема воспоставено катастер согласно член 42 и не доставува податоци до МЖСПП од 2016година.

-Општината нема воспоставено регистер на загадувачи и не доставува податоци за одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивни карактеристики до МЖСПП.

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од* ***Законот за управување со отпадот***

- Има доставено План за управување со отпад за период (2013-2017), согласно член 18 од Закон за управување со отпад, истиот одобрен од страна на МЖСПП со Решение од 08/11/2013 год., и усвоен од Советот на општината) Со оглед на фактот да општина Велес се наоѓа во Вардарски плански регион, до МЖСПП е доставен Регионален план за уравување со отпад за Вардарски регион и истиот е одобрен од страна на МЖСПП со решение бр..., но немаме информација дали истиот е усвоен од страна на Советот на општина Велес согласно член 18 а став (5), доколку е усвоен од советот на општината постои обврска за спроведување на истиот од страна на општината.

- Општината има донесено План и Програма за управување со отпадот. И за спроведување на истата доставува годишни извештаи.

-На територијата на општината функционира ЈКП Древен, кој поседува Дозвола за собирање и транспортирање на неопасен и други видови на комунален отпад..

-Се прави селекција на отпадот, од страна на правните субјекти со кои општината има склучено договор за соработка (а кои поседуваат Дозвола за колективно постапување со отпадна електрична и електронска опрема, како и

батерии и акумулатори и отпадно батерии и акумулатори) се поставени контејнери со кои се постигнува одделно собирање на тој тип на отпад.

- Согласно одговорот наведен во прашање бр. 4 од прашалникот, општината подготвува но не доставува консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање складирање, третман, преработка, отстранување и промет на отпадот согласно член 39 од ЗОУ

- Советот на општината согласно со член 80 став 2 од Закон за управување со отпад, има донесено ОДЛУКА со која се утврдува локација за отстранување на инертен отпад.

- Општината има одговорено со Да, дека има организирано информативен систем на локално ниво, со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасниот отпад согласно член 113 од ЗУО.

- Општината не води Катастар за својата територија, во кој ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад согласно член 116 од ЗУО, но собира податоци

-Општината има склучено договори со регистрирани правни лица за управување со отпад од пакување, управување со отпад од батерии акомулатори, управување со отпадна електрична и електронска опрема.

- Во општината ЈКП Дервен има дозвола за вршење на дејноста складирање и третман на отпад од 04.04.2017 год издадена од МЖСПП.

Согласно одговорот даден во прашање бр. 15 општината врши редовно собирање на отпад од пакување, негово складирање во Собирен центар за отпад од пакување кој е во непосредна близина на општинската комунална депонија каде се балира и се предава на овластени постапувачи со отпад од пакување.

- Општината нема реализирано инспекциски надзор во областа на животната средина(согласно член 126 и 129)

- Општината овозможува остварување на правото на пристап до јавни информации и јавно учество во донесувањето одлуки во областа на отпадот преку организирање на јавни расправи, со презентирање на програмата, информации достапни преку Веб страната на општината, преку печатени материјали кои им се доставуваат на граѓаните заедно со сметките за вода.

Во однос на систематизација на работни места на општината во делот на животната средина, во текот на надзорот беше образложено дека општината има одделение за заштита на животната средина каде што се предвидени 5 работни места а се пополнети две.

*<u>Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Велес, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од **Законот за водите**:</u>*

- Општината нема реализирано инспекциски надзор во областа на водите (согласно член 229)
- Општината во постапките при издавања на Б-интегрираната еколошка дозвола утврдува дали на инсталацијата за дејностите и активностите за кои е потребна дозвола за користење согласно член 26 и 28 или дозвола за испуштање согласно член 79 од ЗВ дали истите се издадени од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.
- ЈПВ Лисиче за користење на вода од акумулација Лисиче има прибавено водно право дозвола за користење на вода согласно член 26 и 28. ЈКП Дервен е јавно комунално претпријатие формирано од општината да врши водоснабдување и одведување на отпадните води и истото нема прибавено Дозвола за испуштање на отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.
- Општината има донесено Одлука за потребата за определување на заштитни зони за изворишта кои се користат за консумирање од страна на човекот и има поднесено барање и доставено елаборат за определување на заштитни зони за Рени бунарите до Министерство за животна средина и просторно планирање.
- Општината има означено зони за капење на акумулација Младост.
- Општината ги планира активностите за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води во Годишната програма за уредување на градежно земјиште во делот за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води каде се планираат активностите, но потребно е да донесе посебна Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ.
- Општината има донесено План за заштита и одбрана од поплави кој е во рамките на Планот за заштита и спасување изработен во 2016 година, а од страна на ЈПВ Лисиче во 2015 има доставено План за заштита и одбрана од поплави до Министерството. Општината превзема мерки за заштита и одбрана од поплави.
-Општината нема изработено Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ. Исто така општината согласно член 143 од ЗВ не изработила, доставила и објавила извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
-Советот на Општината со одлука на 03.09.2015 година има определено граници на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија согласно член 135 од ЗВ. Има изработен Елаборат за ерозивни подрачја каде има утврдени мерки и работи за заштита на земјиштето од ерозија.

- Општината не врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата согласно член 133, но има преземено активности за да се исполни и оваа обврска од ЗВ.
- Општината на 23.04.2018 година има склучено договор со Геинг за анализа на квалитетот на водата за пиење и на површинските води, на 14.05.2019 г. има склучено договор со ГИМ за анализа на квалитетот на водата за пиење и на површинските води, а во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес врши мониторинг за водни тела, а извештаите од анализа на водата се достапни на веб страната на општината. Податоците исто така ќе се достават и до Министерството. Општината нема донесено Програма за мониторинг на водите согласно член 156 ЗВ.
-Водата за пиење како сурова вода се обезбедува преку акумулација Лисиче со која управува ЈПВ Лисиче.Општината има основано јавно претпријатие ЈКП Дервен за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185.

_Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Велес, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од **бучава** во животната средина :_
-Општината не превзема никакви активности за имплементација на законот за бучава од својата надлежност согласно законот.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

-Да се отпочне постапка за изработка на ЛЕАП,

-Да се изготви надворешен план за вонредни состојби согласно член 154 од ЗЖС, и истиот да ни се прати на увид.

-Да се назначи овластен инспектор за животна средина, и да се донесе годишна програма за инспекциски надзор.

- Да се достави информација до министерството дали Регионален план за урaвување со отпад за Вардарски регион е усвоен од страна на советот на општината и дали е почнато со негова реализација.

-Во општината да се исполни обврската на Градоначалникот која произлегува од членот 26 од закон за управување со пакување и отпад од пакување.

- член 129 е потребно да почне да се применува т.е. овластениот инспектор да врши надзор и контрола во областа управување со отпад, и во обласата на водите даваме препорака за воспоставување на меѓуопштинска

соработка во најитен можен рок, до назначување на овластен инспектор бидејки подолго време работниот учинок во врска со инспекција во областа на животната средина е незадоволителен.

- Да се отпочнат активности за имплементација на законот за бучава

Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:

-Потребно е по донесување на одлуката за заштитни зони за водни тела од кои се користи водата за консумирање од страна на човекот од страна на Владата на РС Македонија, општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.
- Општината преку формираното ЈКП Дервен да прибави Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.
- Да се донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма, како и да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје согласно член 141 од ЗВ . Согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.
- Се препорачува вработените во одделението за заштита на животната средина и природата и понатаму да работат согласно законските прописи и да ги опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за водите, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

-Во рок од 6 месеци Општина Велес треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2021година

Претседател на Комисија
Тања Кироска Филиќ________________________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:
Фатос Балиу, ________________________
Александар Петковски, ________________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,______________________
Даниела Наумоска, ____________________